# ЕУ Инструмент за Пред-Пристапна Помош, ИПА, Компонента Регионален Развој

## 1. Вовед

На 15 и 16 декември 2005, Советот на Европа го објави кандидатскиот статус на Република Македонија.

Патот до полноправното членство е тежок и доста скап. Во голема мерка, тешкотиите и трошоците се создаваат во самиот процес на хармонизација, особено усогласувањето на националното законодавство со европското, на пример, преку формирање или преструктуирање на различни институции.

Со цел да се помогне на земјите кандидати при утврдувањето на приоритетните акции кои треба да се превземат на патот кон пазарната економија, политиката и монетарната контрола, ЕУ[1] наведува дека, земјите кандидати треба да ги исполнат следните услови за да станат полноправни членки:

- Стабилност на институциите кои гарантираат демократија, владеење на правото, почитување на човековите права, како и респект кон заштитата на приоритетите.
- Функционална пазарна економија, зајакнување на капацитететите за справување со конкурентскиот притисок и пазарните сили во рамките на ЕУ, и
- Способност за превземање на обврските од членството, вклучувајќи ја и посветеноста кон целите на политичката, економската и монетарната унија.

Еден од основните услови за членство е усогласувањето на законодавството. Тоа значи дека сите земји кандидати за членство, пред пристапувањето во ЕУ, мораат да ги интегрираат европските правни акти во националното законодавство. Дополнително, земјите кандидати мораат да обезбедат соодветни механизми за нивно спроведување.

Процесот во врска со спроведувањето на политичките и економски барања е скап и неопходна е широка надворешна подршка, како техничка така и финансиска. Во исто време, мора да се запамти дека сите предпристапни барања не се само принципиелни барања на ЕУ, туку основно и најважно е дека истите се суштествени барања поврзани со здравјето на луѓето и обезбедувањето на соодветен животен стандард на граѓаните во рамките на нивната земја.

## 2. Што е ИПА?

ИПА (ЕУ Инструмент за предпристапна помош) е рамка на ЕУ (пакет за помош) дизајнирана да им помогне на земјите кандидати за членство, како и на потенцијалните земји членки.

*Обем на ИПА*

Помошта од ИПА ќе се користи од земјите кориснички (кандидати и потенцијални кандидати) за помош во следните области:

a) Зајакнување на демократските институции, како и владеењето на правото, вклучувајќи ја и нивната примена;
b) Промоција и заштита на човековите права и основните слободи, респект во однос на правата на малцинствата, промоција на еднаквост на половите и недискриминација;

[1] Член 49 од Договорот за Европска Унија

c) Реформи во јавната администрација, вклучувајќи формирање на систем кој ќе овозможи децентрализација на управувањето со помошта во земјите кориснички, согласно правилата дадени во Законската регулатива (EC, Euratom) No 1605/2002;
d) Економски реформи;
e) Развој на граѓанското општество;
f) Вклучување на социјалната компонента;
g) Помирување, мерки за градење на доверба и реконструкција;
h) Регионална и прекугранична соработка.

Во случај на земјите кандидати за членство, помошта од ИПА ќе се користи и за следните области:

a) Усвојување и спроведување на acquis communautaire[2];
b) Подршка за развој на политиката, како и подготовка за спроведување и управување со заедничката земјоделска и кохезиона политика на европската заедница.

*Компоненти на ИПА*

Помошта од ИПА ќе биде програмирана и спроведена во рамките на следните пет компоненти:

(I) Помош во транзицијата и зајакнување/градење на институциите ;
(II) Прекугранична соработка;
(III) Регионален развој;
(IV) Развој на човечките ресурси;
(V) Рурален развој.

*Забелешка:*

Оваа брошура обезбедува информации само за компонентата Регионален развој, поточно за секторот за заштита на животната средина во Македонија. Изворите на информации за останатите компоненти и сектори кои се дел од ИПА можете да ги видите во препораките дадени на крајот од оваа брошура.

Регионалната развојна компонента ќе ги подржи земјите кандидати за членство наведени во развојната политика, како и подготовката за спроведување и управување со кохезионата политика на европската заедница, особено во делот на припремата на земјата за користење на Европскиот Регионален Фонд за Развој и Кохезиониот Фонд.

## 3. Сектори во животната средина кои ќе добијат помош од ИПА преку III компонента, Регионален Развој

Основната цел на ИПА е да помогне на земјите кандидати да се доближат до европските стандарди за животна средина. Ова значи усогласување со законската регулатива на ЕУ за животна средина, зачувување, заштита и подобрување на квалитетот на животната средина, заштита на здравјето на луѓето како и внимателно и рационално користење на природните ресурси. Исто така, има неколку принципи кои треба да се задоволат: принцип на претпазливост, превенција, штетата отстранета од изворот на загадување и принципот “загадувачот плаќа“.

Регионалната равојна компонента може да ги подржи активностите поврзани со следните приоритети за заштитата на животната средина:

- мерки поврзани со управувањето со отпад,
- водоснабдување,

[2] Дел од EU законодавство и директивите кои мораат да вметнати во националното законодавство на земјата која ќе се приклучи кон ЕУ.

- отпадни води и квалитет на воздух;
- рехабилитација на загадени локалитети и земјиште;
- области поврзани со одржливиот развој кои придонесуваат за унапредување на животната средина, како енргетска ефикасност и обновлива енергија.

## 4. Техничка помош

Во оваа компонента, техничката помош се добива за:

- Прелиминарни студии.
- Техничка помош поврзана со подобни активности, вклучувајќи ја и помошта неопходна за нивно спроведување.
- Преку техничката помош исто така можат да се финансират и активности поврзани со подготовката, управувањето, мониторингот, проценката, контролата и информациите, како и активностите за зајакнување на административниот капацитет за спроведување на помошта обезбедена преку оваа компонента, а согласно ИПА регулативата.

## 5. Програмирање

*Стратешка Кохерентна Рамка*
Земјите кориснички на помошта, ќе изработат Стратешка Кохерентна Рамка, на основ повеќе-годишен индикативен плански документ, која ќе биде предмет на дискусија со Европската Комисија. Стратешката Кохерентна Рамка е референтен документ за програмирање на компонентите за регионален развој и развој на човековите ресурси.

Надлежна за изработката на овој документ е Владата на Р.Македонија.

*Оперативни програми*
Помошта ќе се спроведе преку повеќегодишните оперативни програми. Оперативните програми ќе бидат изработени од Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање. Нивната изработка ќе се спроведува во тесна соработка/консултации со Европската Комисија, и истите ќе бидат одобрени со Одлука на Европската Комисија.

Меѓудругото, Оперативните програми ќе содржат:

a) Опис на избраните стратешки приоритети, имајќи ги предвид стратешката кохерентна рамка како и секторските, тематските и/или географските механизми на концентрација на помошта, како и резултатите од *ex ante* проценката .
b) Информации за приоритетните оски,[3] мерките кои се поврзани со нив како и специфичните цели. Во колку е можно, целите ќе бидат квантифицирани, користејќи одреден број на индикатори. Преку овие индикатори ќе може да се одреди напредокот во однос на спроведувањето на избраните мерки, вклучувајќи ја ефективноста на целите како дел од приоритетите и мерките;
c) Опис на активностите поврзани со техничката помош, кои ќе се спроведат за секоја приоритетна оска. Финансиската подршка за техничката помош за приоритетните оски може да биде максимум 6% од средствата алоцирани за оперативната програма. Во вонредни случаи и при целосна оправданост, имајќи го предвид обемот на оперативната програма, оваа вредност може да достигне 10%;
d) Идентификација на крајните корисници за секоја мерка, очекуваните селективни модалитети и можните специфични критериуми за селекција;

[3] Определени цели и инвестиции во рамките на специфичен сектор.

e) Предложени индикатори и модалитети за проценка и мониторинг, вклучувајќи ги активностите поврзани со индикативната проценка и временската рамка;
**f) За регионалната развојна компонента, се прикажува индикативната листа на големи (капитални) проекти;**
g) Опис на релевантните структури и надлежни органи за управување (менаџирање) на оперативната програма.

## 6. Големи проекти како дел од компонентата за Регионален развој

Како дел од оперативната програма, реализацијата на големите проекти може да биде финансирана преку третата компонента од ИПА – регионален развој.

Големите проекти вклучуваат серија на одредени работи , активности и услуги, и има за цел да оствари дефинитивна и неделлива цел со прецизна економска или техничка природа. Преку оваа компонента ќе се реализираат проектите кои имаат јасно определени цели за чија реализација **<u>трошоците надминуваат € 10 million</u>**.

Големите проекти се доставуваат до комисијата за одобрување преку релевантната оперативна единица (структура). Преку одлуката за одобрување на проектот ќе се дефинираат физичкиот обем на работата и подобните трошоци за кои се применува стапката за кофинансирање за приоритетните оски. Одлуката ќе биде проследена со билатерален договор со земјата корисник на помошта, во кој ќе бидат наведени горенаведените елементи.

При доставувањето на проектот до комисијата, оперативната единица ќе ги обезбеди следните информации:

a) Информации за органот надлежен за спроведување (имплементација) ;
b) Информација за природата на инвестицијата и опис на нејзиниот финансиски обем и локација;
c) Резултати од физибилити студиите;
d) Временска рамка за имплементација на проектот пред престанокот на важноста на соодветната оперативна програма;
e) Проценка на севкупната социо-економска рамнотежа на активноста, базирана на анализата на трошоци-добивки вклучувајќи ја проценката на ризичност, како и проценка на очекуваното влијание врз секторот на кој се однесува предвидената мерка, проценка на социо-економската ситуација на земјата корисник, и (ако превземената активност инволвира трансфер на активности од регион во некоја земја членка) и на социо економското влијание на тој регион;
f) Анализа на влијанието на активноста врз животната средина;
g) Финансиски план, преку кој се прикажува вкупната очекувана финансиска поддршка и планираната финансиска поддршка од ИПА, од Европската Инвестициона Банка, Европскиот Фонд за инвестиции и други извори на финансирање достапни преку Европската Заедница.

## 7. Колку е голем буџетот на ИПА и стапката на помош од ИПА?

Вкупниот ИПА буџет, за сите земји кандитати и потенцијални кандидати, во периодот од 2007 до 2013 изнесува EUR 11.468 милиони. Македонија, во периодот од 2007-2010 може да ги користи следните средства од компонентата три-регионален развој:

| Средства по години | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| Средствата да се искористат до | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | |
| Регионален развој | 7,4 | 12,3 | 20,8 | 29,4 | 69,9 |
| Развој на човечки ресурси | 3,2 | 6,0 | 7,1 | 8,4 | 24,7 |

За целите на компонентата III, финансиската помош од европската заедница (ИПА сума) ќе се пресмета во однос на вкупниот државен трошок. Грантот кој ќе се добие преку ИПА фондот е максимум 75% од подобните трошоци на ниво на приоритетната оска. Реалната стапка на ИПА помошта мора да се пресмета одделно за секој проект, и се пресметува користејќи ги проектните дисконтирани финансиски анализи на трошоци-добивки. Реално, ова значи дека нивото на ИПА помошта за проектите кои генерираат приход ќе биде пониско од 75% и крајните корисници мораат да го имаат ова предвид при определувањето на стапката на ко-финансирање на проектот. Исто така треба да се забележи дека финансирањето од ИПА може да се користи само за капитални трошоци, а не е наменето за покривање на трошоци на тековно работење.

Повеќегодишната индикативна финансиска рамка ќе ги презентира намерите на комисијата за алокација на средствата, разложени по компоненти, земји и активности помеѓу повеќе земји. Истата треба да биде елаборирана на основ строго определени цели и транспарентни критериуми, вклучувајќи ја проценката на потребите, абсорбциониот капацитет, почитување на условите и капацитетот на управување. Особено внимание ќе се посвети на мерките за посебна помош или програмите за времени решенија усвоени согласно регулативата за формирање на Инструмент за Стабилност.

Вкупно 30% од ИПА средствата ќе се обезбедат како ‘пред-финансиски средства’ а последната (финална) исплата од 10% од IPA средствата ке се исплати по завршувањето на проектот. Преостанатиот дел од средствата на ИПА фондот ќе се исплаќаат на времена основа откако одреден проектен трошок ќе биде реализиран (направен). Ова значи дека сите подобни трошоци ќе бидат прво покриени од други извори (не преку ИПА) , а потоа откако проектот ќе се реализира, ќе бидат исплатени од ЕУ.

**8. Што е ИПА проектниот циклус?**

Генерално, целиот процес на управување со средствата од ИПА фондот за компонентата три, Регионален развој поврзан со финансирање на големи проекти, може да се подели на пет дела – програмирање, изработка на проект, имплементација, контрола, мониторинг и проценка.

***Програмирање:***

| ***Што*** | ***Кој*** | ***Забелешки*** |
|---|---|---|
| *Стратешка Кохерентна Рамка* | *НИПАК* | *СКР е стратешки документ кој обезбедува рамка на препораки за оперативните програми кои се составен дел од третата компонента- Регионален развој и развој на човечките ресурси. Документот мора да биде концизен и да ги земе предвид секторските стратегии и приоритети кои ќе бидат разработени во рамките на оперативните програми.* |
| *Оперативна програма* | *Секторските надлежни органи на земјата кандидат за членство* | *Произлегува од АП, НАП, национален план за развој и односните секторски програмски документи, како и од пошироките програмски документи и од стратешката кохезиона рамка.* |
| *ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПРОЕКТИ* | *Овластените лица од земјата кандидат (секторски овластен службеник)* | *Координиран пристап може да се обезбеди преку дискусии за прелиминарните активности во врска со проектите пред да бидат изработени Физибилити Студии и Оцената на влијанието врз животната средина. Земјата корисник може да го користи ИПА фондот за идентификација.* |
| *ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАНОТО УПРАВУВАЊЕ НА ЦЕФД* | *Нациоанлен овластен службеник* | *За ова е потребна ex-ante проценка на органите вклучени во спроведувањето на ИПА и ТП , бидејќи ex-ante проценката ќе се одвива паралелно со изработката на Оперативната програма така да ex-ante проценката може да се инкорпорира во самата ОП.* |
| *ПОТПИШУВАЊЕ НА ИПА РАМКОВНИОТ ДОГОВОР* | *Европска Комисија и Влада на РМ* | *Еден договор за сите компоненти. DG за проширувањето има улога на преговарач .* |
| *ПОТПИШУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ ДОГОВОР* | *Помеѓу националните надлежни органи и ЕК* | *Ова е законски договор со кој се спроведува Оперативната програма.* |

***Изработка на проекти:***

| ***Што*** | ***Кој*** | ***Забелешки*** |
|---|---|---|
| *Аплицирање за проекти* | *НИПАК за земјите кандидати* | *Стандардна форма + Пропратни документи: физибилити стидии, карти, технички решенија и цртежи, анализа на трошоци/добивки и финансиски анализи, Оцена на влијанието врз животната средина, потврда за оправданоста на предлогот , влчучувајќи го надзорот и механизмите за контрола на квалитетот.* |

| | | |
|---|---|---|
| Првично прифаќање на апликацијата | ЕК | ЕК го прифаќа предлог проектот за проценка согласно ИПА барањата. |
| Оценување Подобност,Приоритет, Компатибилност, Економска & Финансиска проценка | ЕК преку двајца внатрешни консултати | Може да се користи техничка помош (ТП) од страна на комисијата при проценката на апликацијата. |
| Задолжително мислење | ИПА менаџмент комитет (МК) | Земјите членки кои се во МК даваат свое мислење за проектот кој е оценет од ЕК. |
| ОДЛУКА НА КОМИСИ ЈАТА | ЕК | Со одлуката се дава согласност за ангажирање на сретствата за проектот. |

***Имплементација:***

| **Што** | **Кој** | **Забелешки** |
|---|---|---|
| ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА | ЕК | Откакко ќе се формира НФ, ЕК проверува дали се сите процедури и системи во согласност со чл.9 од анекс А3 од регулативата 1267/99 , дали истите се целосно документирани и ги сполнуваат сите барања. |
| Пред-финансирање – финансиска исплата (прв дел) | Европска Комисија на Националниот Фонд | Првичната исплата во висина до 30% од учеството на ИПА фондот за првите три години од оперативна програма на која се однесува, ќе се изврши откако:<br>• Националниот овластен службеник ја извести комисијата дека е отворена соодветната девизна сметка (во евра);<br>• Акредитациите доставени од компетентниот службеник за акредитација и од националниот овластен службеник се на сила и доделувањето на управувањето од страна на комисијата останува валидно;<br>• Релевантниот финансиски договор стапил на сила. |
| Подготовки за тендер | Агенции за имплементирање Корисници / | Изработени од агенциите за имплементација на земјите кориснички на средствата во соработка со крајните корисници, со можна техничка помош, координирана од НИПАК |
| Проверка/ Одобрување | Ex-ante одобрување од ЕК (до проширување на децентрали-зацијата) | Според сегашната пракса, процедурите за јавни набавки од Прирачникот, и условите за склучување на договори за работа според FIDIC. Тендерските досиеа, процедурите и доделувањето се одобруваат индивидуално и ex-ante од ЕК (обично 4 до 6 недели). |
| Договарање | Агенции за имплементирање | Агенциите или крајниот корисникот ако е така однапред договорено. Готовинскиот тек на парите во договорите помеѓу агенцијата и договарачот е регулиран меѓу договорените странки, и е независен од ФМ (финансиски менаџмент)- поврзанита исплата во НФ. |

| *Што* | *Кој* | *Забелешки* |
|---|---|---|
| *Подготовка на тендерот* | *Агенции за имплементација /корисниците* | *Изработено од агенциите на земјата корисник на средствата во соработка со крајниот корисник, со можна техничка помош, координирана од НИПАК.* |
| *Проверка/ Одобрување* | *Ex-ante одобрување од ЕК (до проширување на децентрали-зацијата)* | *Според сегашната пракса, процедурите за јавни набавки од Прирачникот, и условите за склучување на договори за работа според FIDIC. Тендерските досиеа,процедурите и доделувањето се одобруваат индивидуално и ex-ante од ЕК (обично 4 до 6 недели)* |
| *СРЕДНА ИСПЛАТА* | *ЕК на НФ* | *Оваа исплата се врши на барање на земјите кандидати, на основ фактури за ефективно потрошените средства и финансиски извештај* <br>*.* |
| *МОНИТОРИНГ Мониторинг комитет посети Финансиска ревизија* | *Мониторинг комитети* <br>*-ЕК* <br>*-ЕК и ЕУ – Ревизори од европскиот суд за ревизија* | *Оперативната единица формира секторски мониторинг комитет за секоја програма. Комитетот се сотанува намалку два пати годишно, по барање на земјата корисничка на средствата или ЕК. Секој од овие секторски комитети изработува свои правила во согласност со мандатот на секторските мониторинг комитети формирани од ЕК, а во рамките на институционалната, законска и финансиска рамка на земјата корисник. Правилата ќе се усвојат во договор со ОЕ и ИПА мониторинг комитетот, за да ги исполнат своите задолженија согласно регулативата..* |
| *ФИНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ* | *Овластени лица на земјите кандидати вклучувајќи го мислењето на мониторинг комитететите* | *Прегледано од ЕК и презентирано на менаџерскиот комитет за финално одобрување.* |
| *ИСПЛАТА НА ОСТАТОКОТ СРЕДСТВА* | *ЕК на земјата кандидат* | *На основ финалната консолидирана документација која треба да се достави во најкраток можен рок по реализацијата на проектот.* |

***Ex-Post проценка:***

| ***What*** | ***Who*** | ***Remarks*** |
|---|---|---|
| *Ex-Post проценка* | *ЕК + соодветно овластено лице од земјата кандидат* | *Да се овозможи примена на стекнатото знаење и да изработи насоки за идно подобрување. ЕК го информира Комитетот за менаџмент за постигнатите резултати.* |

## 9. Главни ИПА играчи - улоги и одговорности

Клучните ИПА играчи се :

- Национален ИПА Координатор (НИПАК),

- Стратешки Координатор за компонентите регионален развој и разој на човечките ресурси (СК),
- Компетентен Службеник за Акредитација (КСА),
- Национален Овластен Службеник (НОС),
- Национален Фонд (НФ),
- Оперативна Единица за ИПА компоненти или програми (ОЕ),
- Овластен Надзор (ОН).

Во рамките на Р.Македонија, **Секретаријатот за Европски Прашања (СЕП)** е назначен за Национален Координатор за Помошта (НКП) додека Вицепремиерот за европски интеграции е назначен за национален ИПА координатор.

НИПАК меѓудругото ги извршува следните функции:

- Го потврдува/обезбедува партнерството помеѓу комисијата и земјата корисник на средствата, како и тесната врска помеѓу генералниот пристап за членство и користењето на ЕУ предпристапната помош ИПА.
- Сноси целосна одговорност за :
  - Кохерентноста и координацијата на програмите обезбедени во рамките на ИПА инструментот;
  - Годишното програмирање за компонентата на транзициона помош и јакнење на институциите на национално ниво,
  - Координирање на учеството на земјата корисник во релевантните прекугранични програми со земјите членки, и со другите земји кориснички, како и во транслационите, меѓуреонските или програмите за морски сливови, а согласно инструментите на заедницата. Националниот ИПА Координатор може да ги делегира работите кои се однесуваат на оваа координација на координаторот за прекугранична соработка;
  - изработка и, по проверката од страна на ИПА комитетот за мониторинг, доставување на ИПА годишните и финалните извештаи за спроведување до Комисијата и една копија до Националниот Овластен Службеник. .

Стратешкиот Координатор е одговорен за обезбедување на координација во компонентите-регионален развој и развој на човечките ресурси (ИПА компоненти III и IV). Стратешкиот координатор е одговорен пред Националниот ИПА Координатор, и нема директно учество во спроведувањето на компонентите. Обврските на Стратешкиот Координатор се:

- да ја координира помошта доделена за компонентата регионален развој и компонентата развој на човечките ресурси;
- изработка на стратешка кохерентна рамка;
- да обезбеди координација помеѓу секторските стратегии и програми.

Националниот Фонд е државен трезорски ентитет во рамките на Министерството за финансии преку кој средствата од ИПА фондот ќе се канализираат до примачите и корисниците. Националниот Фонд делува како центален трезор и ќе биде задолжен за работите во рамките на финансиското управување со помошта согласно ИПА регулативата, при што одговорноста за спроведувањето на работите ја има Националниот Овластен Службеник. Задачите се однесуваат на организирање на банкарските сметки, барање средства од ЕУ, одобрување на трансфер на средствата добиени од ЕУ до Оперативните Единици или крајните корисници како и за редовно финансиско известување на Комисијата.

Националниот Фонд го раководи Националниот Овластен Службеник (НОС), кој:

(a) како Раководител на Националниот Фонд, ја има целосната одговорност за финансиското управување со ЕУ фондовите во земјата корисник на средствата и е одговорен за законитоста и регуларноста на наведените трансакции;

(b) ќе биде одговорен за ефикасното функционирање на системите за управување и контрола согласно ИПА регулативата.

Централната Единица за Финансии и Договори **(ЦЕФД)** која функционираше во рамките на Phare програмата, не се спомнува за новата ИПА програма, сепак, оваа единица која постои во рамките на Министерството за финансии ќе продолжи да работи исполнувајќи ги обврските кои ги има Оперативната Единица (ОЕ) за ИПА.

За секоја ИПА компонента или програма, се формира Оперативна Единица која ќе работи со управувањето и спроведувањето на помошта согласно ИПА . Постојната единица ќе биде централно тело во рамките на ОЕ за ИПА компонентите I, II, III and IV. Компонентата V ќе има сопствена Оперативна Единица.
Согласно Phare DIS правилата раководителот на ЦЕФД беше познат како Програмски Овластен Службеник (ПОС). Во Македонија сегашниот ПОС станува Раководител на Оперативната Единица (РОЕ), но во идните фази, планирано е да секое линиско министерство има своја ОЕ и РОЕ. Оперативната Единица е одговорна за управувањето и спроведувањето на програмата или програмите согласно принципите на добриот финансиски менаџмент. За остварување на поставените цели, оперативните единици ќе имаат голем број на функции, како:

- изработка на годишни или повеќегодишни програми;
- мониторинг на програмите и водење на работата на секторскиот комитет за мониторинг, преку обезбедување на потребните документи за следење на квалитетот на спроведувањето на програмите;
- изработка на секторските годишни и финални извештаи за спроведување (имплементација) и, по извршената проверка од страна на секторскиот комитет за мониторинг, нивна достава до Комисијата, до националниот ИПА координатор, и до националниот овластен службеник.
- да потврди дека активностите кои треба да се финансираат се избрани и одобрени согласно критериумите и механизмите определени за програмите, и дека истите се усогласени како со националните така и со правилата на европската заедница;
- утврдување на процедури за обезбедување соодветно чување на сите документи неопходни за ревизорска трага;
- обезбедување услови за спроведување на тендерски постапки, постапки за доделување грантови, склучување на договори, и исплата како и побарување на средства на крајниот корисник;
- да обезбеди сите органи вклучени во спроведувањето на активностите да имаат свој одделен сметководствен систем или одделна сметководствена кодификација ;
- да обезбеди државниот фонд и државниот овластен службеник да ги добиваат сите потребни информации во однос на процедурите и одобрувањата реализирани во однос на направените трошоци;
- воспоставување, одржување и надоградување на системот за известување и информирање;
- спроведување на верификација, за да се потврди дека целиот претставен трошок навистина се појавил трошок, и дека матерјалот и услугите се доставени согласно важечката одлука, и дека побарана исплата од крајниот корисник е коректна. Овие верификации ги покриваат административните, финансиските, техничките и физичките аспекти од активностите;
- обезбедување на внатрешна ревизија на сите конститутивни органи;
- да обезбеди известување за неправилностите;
- да обезбеди усогласување со барањата на јавноста и протокот на информации.
- Овластен Надзор (ревизија), функционално независен од сите учесници во системот на управување и контрола , а во согласност со меѓународните прифатени стандарди за надзор. Оваа должност ќе ја превземе Државниот Завод за Ревизија во Македонија, кој ќе биде одговорен за верификација на ефективното и правилно функционирање на системите за управување и контрола.

## 10. Систем за спроведување на ИПА




Деталните процедури за тендери и договори можат да се најдат во 'Прирачникот за процедури за склучување на договори во случај на надворешни активности на ЕК' објавен од Европската Комисија. Што се однесува на договорите за работа, обврска е да се користат договорите за градба издадени од FIDIC.

На тендерите кои ќе се објават за проекти финансирани од ИПА, право на учество имаат компаниите од земјите членки на ЕУ, како и земјите кандидатки за членство, вклучувајќи ја и Република Македонија.

## 11. Кратенки/Терминологија

- **'рамковен договор'**: договор склучен помеѓу Комисијата и земјата корисник на средствата кој е важечки за сите ИПА компоненти, и ги одредува принципите на соработка помеѓу договорените страни согласно регулативата;
- **'секторски договор'**: договор поврзан со специфична компонента на ИПА, склучен помеѓу Комисијата и земјата корисник на сретствата, во кој се дадени релевантните одредби кои мораат да се почитуваат , а кои не се содржани во рамковните договорите специфични за земјата корисник или во финансиските договори;
- **'финансиски договор'**: годишен или повеќегодишен договор склучен помеѓу Комисијата и земјата корисник на средствата, следејќи ја одлуката за финансирање донесена од Комисијата со која се одобрува финансиската помош од европската

заедница за одредена програма или активност која е предвидена во рамките на оваа регулатива;

- **'краен корисник'**: орган или фирма, било јавна или приватна, одговорна за иницијативните активности или иницијативните и активности за спроведување. Во контекст на шемата за финансиска помош, крајни корисници се јавни или приватни фирми носители на индивидуален проект за кој добиваат државна помош.
- **'контрибуција од заедницата'**: дел од подобните трошоци финансирани од европската заедница;
- **'вкупен трошок'**: државен трошок и било која приватна контрибуција за финансирање на активноста.

## 12. Законска регулатива и останати документи поврзани со ИПА

- COUNCIL REGULATION (EC) No 1085/2006 од 17 Јули 2006 за формирање на Инструментот за Пред Пристапна Помош (ИПА)
- ЕУ Practical Guide to contract procedures for EC external actions
- Услови за договори за градба издадени од - FIDIC
- COMMISSION REGULATION (EC) implementing Council Regulation (EC) No 1085/2006 за формирање на Инструментот за Пред Пристапна Помош (ИПА)
- Останатите информации за ИПА можат да се најдат на вебсајтот на ЕУ www.europa.eu

## 13. Органи надлежни за ИПА во Македонија

***Секретаријат за европски прашања (СЕП)Секретаријат на НИПАК***

Мери Георгиевска
Сектор за координација на ЕУ Фондовите и Инструментите,
Сектор за координација на странска помош
Секретаријат за Европски интеграции
Бул. Илиндеб бб, 1000 Скопје

тел. 3239165/ лок. 137
e-mail: meri.georgievska@sep.gov.mk

***Среатешки координатор за компонентата Регионален развој***

Светлана Глигоровска, Министерство за транспорт и врски

***Министерство за животна средина и просторно планирање***

Гордана Кожухарова

Раководител на сектор за соработка и проектна координација,

МЖСПП,

Дрезденска 52, 1000 Скопје

тел. +389 2 3066 930, лок.132

e-mail: G.Kozuharova@moepp.gov.mk

***Министерство за животна средина и просторно планирање***

Каја Шукова,

Раководител на сектор за одржлив развој,

МЖСПП,

Дрезденска 52, 1000 Скопје
тел. +389 2 3066 930, лок.142
e-mail: K.Sukova@moepp.gov.mk

## КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АИ | Агенција за Имплементација |
| АП | Акционен План |
| ЕК | Европска Комисија |
| Ex-ante | Децентрализирана контрола – одлуките донесени од страна на Договорната институција, мораат да бидат одобрени од Европската Комисија. |
| Ex-post | Децентрализирана контрола – одлуките предвидени со финансискиот договор самостојно ги донесува Договорната Институција без претходно одобрение од ЕК. |
| ИПА | Инструмент за Пред-Пристапна помош |
| КСА | Компетентен Службеник за Акредитација |
| МК | Менаџмент комитет |
| НАП | Национален Акционен План |
| НИПАК | Национален ИПА Координатор |
| НКП | Национален Координатор за помошта |
| НОС | Национален Овластен Службеник |
| НФ | Национален Фонд |
| ОЕ | Оперативна Единица |
| ОН | Овластен Надзор |
| ПОС | Програмски Овластен Службеник |
| РОЕ | Раководител на Оперативната Единица |
| СЕП | Секретаријат за Европски Прашања |
| СКР | Стратешка Кохерентна Рамка |
| СК | Стратешки Координатор |

| | |
|---|---|
| ТП | Техничка помош |
| ФМ | Финансиски Менаџмент |
| FIDIC | Меѓународна  Федерација на Инжинери Консултанти |
| ЦЕФД | Централна Единица за Финансии и Договори |